**www.vest.com.mk, 03.12.2010, 11:00**

**ДЕСЕТ МИЛИОНИ ТОНИ ОТПАД ВИСИ НАД КАВАДАРЕЧКОТО СЕЛО ВОЗАРЦИ**

# Троската од "Фени" ќе ни ја урне црквата

Вжештена на температура од 1.800 степени, троската се изнесува од фабриката на секои 20 минути и се истура на само неколку метри од селските гробишта и црква. Земјата околу "Фени" е црвена, црвена е и водата во каналот што истекува од фабриката и се влева во Црна Река, а селаните тврдат дека ни зелката никој не им ја купува оти во средината листовите и се црвени Околу 10 милиони тони отпад од фабриката "Фени" виси над селото Возарци, кое се наоѓа 8 км западно од Кавадарци. Депонијата која комбинатот за производство на фероникел ја создал во изминатите триесет години, зафаќа површина од 3-4 хектари. Отпадот содржи оксиди на железо и силициум и изгледа како лава од вулкан. Вжештена на температура од 1.800 степени, троската се изнесува од фабриката на секои 20 минути и се истура на само неколку метри од селските гробишта и црквата.



"Сто пати во текот на 24 часа камионите истураат отпад. Ѕидовите од црквата, која ја градевме пред неколку години, испукаа, зашто земјата попушта од тежината на троската", велат селаните и покажуваат на височината каде што во моментот камион истура вжештена маса. Топлината се чувствува на голема оддалеченост.



Оџаците и депонијата на "Фени" ги плашат селаните во Возарци што живеат од земјоделство, но и од фабриката. Се жалат дека поради загаденост ништо не им успева во бавчите. Земјата околу "Фени" е црвена. Црвена прашина има на патот по кој се движат камионите со руда. А црвена е и водата во каналот што истекува од фабриката и се влева во Црна Река. "На пазар, кога носиме пиперки, домати, зелка, луѓето прво прашуваат на кое место е садено, и кога ќе слушнат, не купуваат. Зелката внатре е цела црвена, ќе отвориш и лисјата се црвени. Не вирее ништо. Имаме проблем и со грозјето, ни велат дека содржи железо. Ние не сме против фабриката туку сакаме да знаеме дека дали не труе или не, и колку не труе", велат селаните.

Претставници на месната заедница во селото бараат државата да покаже поголем интерес за животната средина и за луѓето што живеат во тој крај, и апелираат до Институтот за јавно здравје да ја испита здравствената состојба на децата и на возрасните.

"Сакаме да ги заштитиме идните генерации. Државата да одреди граница, и депонијата веќе да не се

доближува до селото. Министерството за животна средина да инсистира 'Фени' да стави нов филтер на другиот оџак и да се намали емисијата на прашина", вели Бобан Бошков, претседател на Месната заедница на селото.

Заменик-министерот за животна средина Соња Липиткова вели дека во "Фени" е несреќно избрана локацијата на депонијата.

"Локацијата на депонијата е проблематична зашто се наоѓа над простор каде што има населено место. Тоа е инертна маса, која не загадува, но во услови на екстремни дождови или на некакво помрднување на теренот, таа маса може да лизне и да направи хаварија. 'Фени' треба да направи проект и да се дислоцира. Едно од нашите барања за спроведување на еколошката дозвола е дислокација на депонијата", вели Липиткова.

Заменик-генералниот директор на "Фени" Никола Ризов, пак, вели дека немаат намера да ја дислоцираат депонијата. Комбинатот купил земјиште за нова депонија во близина на селото Шивец, и ќе ги користи двете локации.



"Нуспроизводот од фероникелот апсолутно не е штетен и не се раствора во земја. Интересот за продажба на троската е се поголем. 100.000 тони троска имаме извезено, и уште 60.000 имаме подготвено за извоз во Америка, Шкотска, во Канада. Троската може да се користи за тампонирање, за производство на ќерамиди, бидејќи не пропушта. Исто така, се користи и во медицината за изолирање на ѕидовите каде што се наоѓа рендген апаратот", вели Ризов.

Тој тврди дека хемискиот состав на воздухот, почвата и на водата, пред да се изгради "Фени", и сега е ист. "Нема некои драстични промени кои би ги надминале дозволените граници".

**Никој не знае како "Фени" влијае врз здравјето**

Од Институтот за јавно здравство од Кавадарци велат дека немаат податоци за тоа како "Фени" влијае врз здравјето на луѓето.

"Од докторите по општа пракса не добиваме извештаи за болестите на луѓето, иако тие се со закон се обврзани да не известуваат. Затоа ние немаме статистика со која би добиле генерална слика за здравствената состојба на луѓето што живеат во овој крај. А за да спроведеме посебна акција, требаат пари", велат во Институтот.

**Р.Фотиновска**

Сподели4

SHARE

Текстот е прочитан 3840 пати.